Врз основа на член 37 од законот за јавни претпријатија, (Сл.В. бр 38/96, 35/19, 275/19 и последната измена бр.89/22), член 20 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Сл.В. бр 27/14, 14/20, 215/21, 99/22 и последната измена бр.159/22),член 22 и 23 од Законот за работни односи (Сл.В.бр 62/05, 110/19, 267/20 и последната измена бр.288/21) ,В.Д Директорот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС БР 1 /2024

За вработување на даватели на услуги на неопределено време за следното работно место: 1.**Возач на автобус во јавен превоз (КДР 03 05 Б02 116)**, 3 ( три ) извршители. Превозот главно ќе се обавува на теритотијата на Општина Могила ( два возачи ) и Општина Новаци (еден возач) и останатите потреби на претпријатието.

Општи услови

1. Државјани на Република Македонија
2. Активно користење на македонскиот јазик
3. Да имаат општа здравствена способност за работното место
4. Со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови

1.Минимум стручни квалификации 240 ЕЦВЕТ/МКСОО
2. Минимум работно искуство на струката: 2 години работно искуство
3. Возачка дозвола под реден број 1– категорија Д

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок. Работното време изнесува 40 часа неделно. Имајки ја во предвид спецификата на работата, и потребите за превоз на учениците во смени, работното време започнува во зависност од должината на релацијата, а релацијата се изведува според возниот ред. Ефективното работно време во текот на денот трае не подолго од 8 часа.

Паричниот износ на основната плата изнесува 25.300 денари.

Постапката за селекција на вработување на даватели на услуги во МЈП се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот трае 15 ( петнаесет ) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што го издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Кандидатите треба да ги достават сите документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Извод од матична книга на родени
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Лекарско уверение за возач на соодветнта возачка категорија

- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство
- Пополнета пријава завработување

Пријава може да се подигне од портирницата на Општина Битола, секој работен ден од 9,00 до 14,00 часот до денот одреден за пријавување.

Пријавите со потребната документација, кандидатите да ги доставaт на портирница на Општина Битола на ул. Бул. 1- ви Мај 61 Битола.